IFLA Section
Environment,
Sustainability and Libraries

јануари 2022

# Што е зелена библиотека?[1]

**Средина** значи околината или условите во кои живеат и функционираат луѓето, организациите, животните или растенијата. Срединитe можат да бидат природни, социјални или културни.

**Одржливиот развој** е развој кој „ги задоволува потребите на сегашноста без да ги компромитира способностите на идните генерации да ги задоволат своите потреби" (Our Common Future, Brundtland Report, UN).

Сегашните средини се загрозени од климатските промени и други закани, вклучувајќи социјални нерамноправности. Сите организации треба да се стремат кон заштита на средината преку одржлив развој. Ова ги вклучува сите видови библиотеки, кои можат да играат активна и значајна улога во одржливиот развој.

*Зелена и одржлива библиотека е библиотека* која ги зема предвид *еколошката, економската и социјалната одржливост*. Зелените и одржливи библиотеки можат да бидат на било која големина, но треба да имаат јасна агенда за одржливост која вклучува:

**Зелени згради и опрема:** Емисиите, или јаглеродниот отпечаток, на зградата и опремата активно се намалуваат.

**Зелени принципи на канцеларија:** Оперативните рутини и процеси се еколошки одржливи.

**Одржлива економија:** Потрошувачката е ограничена, практиките на кружна и споделена економија се унапредени и достапни за заедницата.

**Одржливи библиотечни услуги:** Соодветните и ажурирани информации се лесно достапни за корисниците, се нудат споделени простори, уреди и еколошко образование, а операциите се ефикасни. Библиотеката има позитивен јаглероден отпечаток.

**Социјална одржливост:** Добро образование, писменост, вклученост на заедницата, крос-културна разновидност, социјална инклузија и сеопфатно учество се разгледуваат. Библиотеката активно работи на намалување на нерамнотежите.

**Еколошко управување:** Еколошките цели се SMART (Специфични, Мерливи, Остварливи, Реалистични и Временски определени), и библиотеката работи на намалување на своето негативно влијание врз средината. Политиката за средина на библиотеката, нејзиното спроведување и резултатите од еколошките активности се адресирани до пошироката јавност.

**Ангажман за општи еколошки цели и програми:** Ангажманот е воден од Целите за одржлив развој на ОН, Парискиот климатски договор и поврзаните еколошки сертификати и програми.

---

[1] Преведено од англиски на македонски јазик од Маја Мицевска Ризова и Мариана Палашевска